**МАТЕСКА Емилија** **УДК: 347.77.077.2**

# ОБЈЕКТИВНА МЕДИЈАБИЛНОСТ НА СПОРОВИ ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**Апстракт:** Медијацијата како метод за алтернативно решавање на споровите нуди многу предности и придобивки за странките во спорот. Решавањето на спорот по пат на медијација значи избегнување на скапите и долги судски постапки и решавање на спорот по мирен начин. Споровите од индустриска сопственост, особено оние кои настанале за време на долготраен договорн однос, вклучуваат прашања кои се од важност на странките да останат надвор од дометот на јавноста, да бидат надминати и решени без да стават последици на понатамошната соработка на странките. Споровите од индустриска сопственост најчесто се однесуваат на прашања за кои постојат комплексни законски решенија, но и чувствителни информации кои е потребно да останат доверливи. Во трудот се анализирани правните претпоставки за дозволеноста на споровите од индустриска спственост да бидат решавани по пат на медијација, како во компаративното право така и во Република Македонија. Преку анализа на ситуацијата во сферата на решавањето на споровите од индустиска сопственост по пат намедијација во Република Македонија, ќе бидат препорачани одредени мерки за подобрување и поголема примена на медијацијата во споровите од индустриска сопственост.

**Клучни зборови:** *медијација,ефикасно решавање на спорови, индустриска сопственост*

**MATESKA EMILIJA**

# OBJECTIVE MEDIABILITY IN INDUSTRIAL PROPERTY DISPUTES

**Abstract:** Mediation as a method for an alternative settling of disputes offers many advantages and benefits for dispute parties. Dispute settling by means of mediation understands avoiding expensive and long court procedures and a peaceful resolution of a dispute. Industrial property disputes, especially those which had occurred during a long-term contract relation, include issues which are important to the parties and which should stay out of the public reach, be overcome and resolved without leaving any consequences to the further collaboration of the parties. Industrial property disputes mostly refer to issues for which there are complex legal solutions and also sensitive information which is necessary to stay confidential. The paper analyses the legal assumptions for allowing industrial property disputes to be resolved by means of mediation both in comparative law and the Republic of Macedonia. By analyzing the situation in the sphere of solving industrial property disputes by means of mediation in the Republic of Macedonia, certain measures will be suggested for improving and wider application of mediation in industrial property disputes.

**Keywords:** *mediation, efficient disputes resolution, industrial property*

## 1.Вовед

Медијацијата е најчесто применуван АДР метод во светот. Се смета дека поимот медијација потекнува од латинскиот збор „mediare“ што значи да се биде на средина. Медијацијата е постапка во која страните во спорот бараат трето-неутрално лице да им помогне во преговарањето и договарањето на решение од заеднички интерес за нивниот спор.[1] Медијацијата е процес во кој неутрална страна (медијатор) им помага на странките во спорот да ги идентификуваат елементите на спорниот однос, да договараат за проблемите, да ги истражат можните решенија и да дојдат до прифатлива спогодба.[2] Медијацијата синтетички може да се дефинира како збир на активности што се преземаат со цел странките, со помош на едно или повеќе трети непристрасни лица-медијатори, преку преговори, со заемна согласност да го решат спорот, да дојдат до резултат кој одговара на интересите на странките и кој не значи ниту победа, ниту пораз за некоја од странките, туку заеднички успех за двете странки.[3] Медијацијате е дефинирана како постапка за решавање на споровите каде странките преговараат за спорот со цел да постигнат спогодба со посредство од еден или повеќе медијатори.[4]

Медијацијата во чл.3 (а) од Директивата 2008/52/ЕЗ[5] во врска со одредени аспекти на медијација во граѓански и трговски прашања е дефинирана како структуриран процес, каде две или повеќе страни во спор се обидуваат самите на доброволна основа да постигнат пријателска спогодба за спорот со помош на медијатор.

Согласно чл.1 став 3 од Модел- законот за меѓународно трговско мирење, мирењето, концилацијата односно медијацијата е дефинирана како постапка во која странките бараат трето лице или лица (концилијатор/и или медијатор/и) да им помогне/помогнат во обидот да постигнат пријателска спогодба за нивниот спор кој настанал било од договорен или од друг правен однос. Медијаторот нема овластување да им наметне на странките решение за спорот. И покрај големиот број на дефиниции за медијацијата, заедничко за сите е заклучокот дека целта на медијацијата е да им помогне на странките да постигнат заедничко, доброволно решение. Може да се каже дека медијацијата во својата наједноставна форма е преговорање кое е помогнато од трета странка. Целта на медијацијата е да се стигне до решение на спорот на што поефикасен и поевтин начин, да се избегне водењето на долгите и скапите судски спорови, па на тој начин се растоваруваат судовите, се намалува бројот на судските спорови, се убрзува работата на судот, оставајќи им повеќе време и други расположливи ресурси на судовите за решавање на останатите судски спорови. Иако се смета дека медијацијата е придобивка на современото право, нејзината примена датира од многу одамна, порано и од воспоставувањето на организираниот судски систем и судска постапка за заштита.

## 2.Објективна медијабилност

Медијацијата е расширена скоро во сите области на правото. Традиционално, медијацијата беше сметана за најпогодна за семејните спорови, вклучувајќи разводи и спорови за издржување на децата, во кои од особена важност е странките да останат во пријателска комуникација. Денес може

[1] Ignacio de Castro and Panagiotis Chalkias, ‘Mediation and Arbitration of Intellectual Property and Technology Disputes: The Operation of the World Intellectual Property Organization Arbitration and Mediation Center’ (2012) 24 SAcLJ 1059, стр. 1061.

[2] Leposava Karamarković, Poravnanje I medijacija, fakultet za poslovno pravo, Beograd 2004.str.312.

[3] Зороска – Камиловска, Татјана, Медијацијата како алтернатива на судењето – нека спорот стане договор, Правен факултет „Јустинијан Први“- Скопје, стр.5.

[4] Препорака Rec (2002)10 од Комитетот на министри на државите членки за медијација во граѓанските спорови од 18.09.2002 година, дел I од препораката.

[5] DIRECTIVE 2008/52/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters

да се каже дека е тешко да се наведат видовите на спорови кои не можат да бидат решени по пат на медијација. Медијацијата се користи во споровите за надомест на штета, трговските спорови, споровите за дискриминација, патенти, трговски марки, соседските спорови, работните спорови итн.

Од самата дефиниција, како и поимот медијацијата (мирење) може да се донесе заклучок дека медијацијата е можна само во спорови за кои може да се склучи спогодба. Овој заклучок е секако точен, но сепак треба да се напомене дека ова не треба да се толкува буквално. Имено, иако е нормално медијацијата да се води во спорови за права со кои странките може слободно да располагаат, ширината и флексибилноста на постапката овозможува да се применува и во спорови кои не се однесуваат на диспозитивни права. Типични примери се споровите од семејното право, кои се уредени со когентни норми и за кои не може да се склучи судска спогодба.[6]

Согласно Препораката Rec (2002)10 медијацијата се однесува на граѓанската материја, и тоа граѓанските права и обврски вклучувајќи трговски спорови, потрошувачки и работни спорови[7].

Во прембулата на Директивата 2008/52/ЕЗ во врска со одредени аспекти на медијација во граѓански и трговски прашања е пропишано дека таа треба да се применува за граѓански и трговски прашања. Сепак, не треба да се применува на права и обврски за кои страните немаат слобода самостојно да одлучат според важечкиот применлив закон. Таквите права и обврски се особено чести во семејното и трудовото право. Во чл.1 од Директивата е пропишано дека истата се применува на прекугранични спорови за трговски и граѓански прашања, освен во однос на правата и обврските на странките што не се на располагање на странките според важечките прописи.

Од Модел-законот за меѓународно трговско мирење[8] произлегува дека објективно медијабилни се трговските спорови. Поимот „трговски" според она како е дефиниран во модел законот треба да се толкува широко така што ќе покрива прашања и спорови кои потекнуваат од сите односи од трговска природа било да се договорни или не. Во Модел- законот егземпларно се наведени односите од трговска природа кои вклучуваат било какви трговски трансакции за набавка на стоки или услуги, договори за дистрибуција, трговско застапување, факторинг, лизинг, градежно работење, консултантски услуги, инженерство, лиценцирање, инвестиции, финансиско работење, банкарство, осигурување, концесии, заедничко вложување или други форми на индустриска или бизнис соработка, транспорт на стоки или лица по воздушен, копнен, железнички или морски пат. Сметаме дека ова набројување не треба да се толкува како исклучување на другите трговски односи кои не се опфатени. Напротив кругот на трговски односи кои се наведени не е тука затворен. Набројувајќи ги деловните односи кои опфаќаат права од индустриска сопственост, како лиценцирањето, заедничкото вложување или други форми на индустриска и бизнис соработка, јасно е дека предмет на медијација може да бидат спорови од индустриска сопственост.

Во компаративното право објективната медијабилност е слично одредена како објективната арбитрабилност. Согласно чл.2 ст. 1 од Законот за медијација во граѓанските и трговските прашања на Република Словенија,[9] медијабилни се споровите што произлегуваат од граѓански, трговски, трудови, семејни и други имотно-правни односи во поглед на побарувањата со кои странките можат слободно да располагаат, освен ако со посебен закон за секој од овие спорови не е поинаку назначено. Медијабилни се и други спорови, ако тоа одговара на природата на правниот однос од кој произлегува спорот и ако со посебен закон за овие спорови не е нешто друго предвидено.[10]

---

[6] Повеќе види Uzelac, Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, str.9-10 достапно на http://www.mirenje.hr/index.php/miroteka/strucni-i-znanstveni-clanci-/200-mirenje-kao-alternativa-suenju-profdrsc-alan-uzelac.html

[7] Оваа препорака не се однесува на семејните спорови кои се објективно медијабилни, но се предмет на интерес во посебна препорака, Препораката бр. No. R(98)1 за медијација во семејните спорови.

[8] UNCITRAL Model Law on International Commercial Conciliation, 2002.

[9] Zakon o mediaciji v civilnih in gospodarskih zadevah (Uradni list RS, št. 56/08).

[10] На ист начин е дефинирана медијабилноста во чл.1 ст.1 и ст.2 од Законот за мирење на Хрватска, Zakon o mirenju, NN18/11.

Законот за посредување во решавање на спорови во Република Србија[11] исто така примената на посредувањето ја пропишува во спорните односи во кои странките може слободно да располагаат со своите барања, ако со друг закон не е пропишана исклучива надлежност на суд или друг орган, без оглед дали посредувањето се спроведува пред или после поведувањето на судска или друга постапка. Егземпларно се наведени имотноправните спорови чиј предмет е исполнување на некоја обврска на чинење, други имотноправни спорови, во семејните, трговските, управните прашања, спорови од обласа на заштитата на животната средина, потрошувачките спорови, како и сите други спорни односи во кои посредувањето одговара на природата на спорниот однос и може да помогне во нивното разрешување. Во Бугарија, предмет на медијација може да бидат граѓански, трговски, работни, семејни и административни спорови кои се однесуваат на правата на потрошувачите и други спорови помеѓу физички и/или правни лица, вклучувајќи и кога споровите се меѓународни.[12] Согласно решението на германскиот законодавец медијацијата е дозволена во сите видови на спорови каде не е пропишано дека споровите може да се решаваат единствено во судска постапка. Медијацијата во Англија се користи за решавање на голем број на спорови од граѓанското и трговското право, меѓу кои трговските спорови, работните спорови, имотните спорови, спорови од должничко-доверителски односи, спорови од договорни односи, спорови за надомест на штета итн.[13] Во Холандија медијацијата е дозволена во сите спорови, но најчесто се користи во граѓанското право и во јавното право.[14] Во Унгарија, во Законот за медијација предвидени се споровите кои не може да бидат решени по пат на медијација и тоа управните спорови, споровите за старателство, споровите за клевета, утврдување на родителство, спорови од извршното прво.[15] Согласно белгиското право, сите спорови се подобни да бидат решени по пат на медијација, освен ако спорот се однесува на материја која спаѓа во јавниот поредок, и исто така исклучена е медијацијата на спорови за права со кои странките не можат слободно да располаат.[16]

Во теоријата и практиката често кога се зборува за медијабилност на споровите, се споменуваат и услови кои овозможуваат одредени случаи да бидат особено подобни за медијација. Со подобноста за медијација се означува дали одреден спор според неговата природа или околностите е соодветен да биде предмет на медијација.[17] Иако најчесто објективната медијабилност е широко одредена, за погодноста на одреден спор да биде решен по пат на медијација често се споменуваат дополнителни услови. Така, се смета дека поподобни за медијација се споровите што настанале од траен однос или кога странките имале долгогодишна соработка, кога постои особен интерес за брзо и ефикасно решавање на спорот, кога станува збор за сложени правни и фактички ситуации кои инаку би се решавале во долготрајна судска постапка со учество на многу лица во постапката, кога станува збор за односи кои се особено битни да се решат доверливо без да се изнесуваат информации во јавноста итн. Меѓутоа и покрај сите услови тоа не е апсолутно правило дека спорот би бил успешно решен по пат на медијација. Сепак исходот на постапката најмногу зависи од волјата и подготвеноста на странките спорот да го решат спогодбено, способноста на медијаторот или

[11] Zakon o posredovanju u rešavanju sporova, Sl. Glasnik RS br.55/2014.
[12] Чл.3 ст.1 од Закон за медиацията (Държавен вестник. Бр. 110/2004, бр. 86/2006, бр.9/2011, бр. 27/2011).
[13] https://e-justice.europa.eu/content_mediation_in_member_states-64-ew-en.do?member=1 [20.04.2016] страната e-justice е креирано со цел да овозможи информации за правните системи на земјите членки на ЕУ и полесен пристап до правдата. Посебно мени на оваа страна е креирано за медијацијата, трошоците, постапката, областите каде е дозволена медијацијата, информации за надлежни организации или лица одговорни за медијација и сл. за секоја земја членка на ЕУ.
[14] https://e-justice.europa.eu/content_mediation_in_member_states-64-nl-en.do?member=1 [23.04.2016].
[15] Act LV of 2002 on Mediation, чл.1 ст.3.
[16] Commercial mediation – a comparative review 2013, Linklaters LLP., 2013 str.8
[17] Jean A. MIRIMANOFF, Amicable Dispute Resolution or Litigation: New Priority or New Approach? What Future for Mediation in Switzerland?, Mediation in Europe, Present challenges and future developments, International Conference Vilnius Lithuania May 24-25 2007, Стр.9

медијаторите да посредуваат во целиот процес, ангажманот на полномошноците[18] и застапниците на странките и нивниот став за спорот итн.

Во компаративното право, генерално, не постојат пречки споровите од индустриска сопственост за правата со кои странките слободно располагаат да бидат решени по пат на медијација. Уште повеќе медијацијата на споровите од индустриска сопственост како АДР метод е особено подобен метод за решавање на овие спорови поради тоа што нуди повеќе предности за решавање на овој вид на спорови, особено што на странките во овие спорови им е од особена важност да ги зачуваат или продолжат меѓусебните односи, постапката за решавање на спорот да биде тајна, да ги решат споровите и недоразбирањата на брз начин, во постапка во која имаат доминантна контрола на текот на нејзиното одвивање.

Во компаративното право постојат ставови дека медијацијата во споровите од индустриска сопственост е особено погодна за спорови кои произлегуваат од повреда на договорни обврски од договори за лиценца,[19] договори за трансфер на технологии или други договори во кои предмет на интерес е одредно право од индустриска сопственост, спорови кои се однесуваат на повреди на правата од интелектуална сопственост,[20] спорови помеѓу работодавачот и работникот во врска со патент или трговска марка создадени во работен однос, спорови за утврдување на значаен придонес на трето лице во пронајдокот итн.[21]

Спротивно на тоа медијацијата, не е подобен начин за решавање на споровите кои се однесуваат на дистинктивноста на трговската марка, поништување на трговската марка поради апсолутни причини, споровите кои се однесуваат на полноважноста на патентите или споровите за барања за продолжување на рокот на важноста на заштитените права.[22]

Во принцип, се смета дека медијабилни се споровите од индустриска сопственост со кои се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу страните во постапката, било настанати од договорен или вондоговорен однос, со кои страните слободно располагаат, но кои не се однесуваат

---

[18] Меѓу причините кои се наведуваат за поволностите кои ги имаат адвокатите од медијацијата се: стекнување на деловен углед и задоволство на странките, брзо остварување на приход и елиминирање на ризикот за наплата награда и трошоци од незадоволоната странка, ефикасно управување со своето време, зголемување на кретивноста во работата, исклучување на тензијата која ја прати судската постапка, задоволство од сопствениот придонес за постигнување на поволно решение за двете странки во спорот, можност за подобро запознавање со странките и нивните барања,ислучување на ризик за неповолна судска одлука, можност за избор на медијатор, понуда на нови адвокатски услуги, знаењето стекнато во постапката може да влијае врз ефикасноста на адвокатот, придонес за развој на општествените интерси. Повеќе за поволностите на медијацијата за адвокатите видете Mr. sc. SRĐAN ŠIMAC, ODVJETNICI I MIRENJE достапно на http://www.centar-za-mir.hr/uploads/Medijacija/Simac_Odvjetnici_i_mirenje.pdf

[19]Таков пример од практиката е Случајот 1 анализиран од Cheyil H. Agries, Stephen P.Gilbert, Charles E.Miller, Sherman Kahn. The Benefits of Arbitration and Mediation for Dispute Resolution in Intellectual Property Law, New York Dispute Resolution Lawyer, 2011 vol.4.No.2, стр.62.

Стекнувачот на лиценца добил право да користи одреден медицински патент од пронаоѓачот. Лиценцата била исклучива, но само во однос на примена за одредени болести. По две години од склучувањето на договорот, стекнувачот на лиценца, спротивно на договорот за лиценца, тврдел дека правото на користење се однесува и на друга болест. Пронаоѓачот не сакал да ја отстапи лиценцата и за лекување на другата болест. Со помош на медијаторот, пронаоѓачот и стекнувачот на лиценца повторно преговарале и го прошириле договорот за лиценца, така што стекнувачот на лиценца стекнал неисклучива лиценца за користење на патентот и за другата болест.

[20] Во конкретниот случај пронаоѓач на поголем број на патенти, сакал да го продаде својот бизнис кој се засновал на искористување на одреден патент. Поради повреда на правото на патентот од страна на трето лице за кој во тек била судска постапка, пронаоѓачот имал потешкотии во реализацијата на продажбата. Со помош на медијацијата пронаоѓачот и третото лице размениле информации за состојбата во која се ноаѓале и двете странки, пронашле заедничко прифатливо решение, така што го надминале спорот и пронаоѓачот повеќе немал пречка да располага со бизнисот кој се засновал на искористување на патентот. Случај 2, Ibid, стр.62.

[21] Така и Канцеларијата за интелектуална сопственост на Велика Британија, https://www.gov.uk/guidance/ intellectual-property-mediation#the-ipo-mediation-service

[22] UK Intellectual Property Office, Mediation of Intellectual Property Disputes, 2007, pg.5-6.

на полноважноста на правата од индустриска сопственост и споровите во врска со пријавувањето на правата од индустриска сопственост.

**3.Медијабилност според Законот за медијација**

Во досегашното постоење на Република Македонија како самостојна и независна држава донесени се два закони за медијација, кои на сличен начин ја уредуваат објективната медијабилност. Согласно Законот за медијација[23] кој се применуваше од 1 ноември 2006 година, па сè до применувањето на новиот Закон за медијација од септември 2014 година, се уредуваше медијацијата во граѓански, трговски, работни, потрошувачки и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, со кои страните може слободно да располагаат со своите барања. Медијацијата се применува и во семејни и кривични спорови, доколку медијацијата одговара на природата на спорните односи и со посебен закон не е исклучена нејзината примена. Согласно наведеното, објективната медијабилност беше врзана со спорни односи во кои странките може слободно да располагаат со своите барања, додека како странки во постапката за медијација може да учествуваат физички и правни лица без ограничување. Организациски, медијацијата ја споредуваа физички лица-медијатори кои за да се стекнат со правото да бидат медијатори потребно е да исполнуваат повеќе услови наведени во Законот.

Новиот Закон за медијација објективната медијабилност ја поврзува со спорни односи во кои страните можат слободно да располагаат со своите барања, освен ако со друг закон не е пропишана исклучива надлежност на суд или друг орган, без оглед на тоа дали таа се спроведува пред или по започнување на судска или друга постапка.[24] Егземпларно во законот се наведени видовите на спорови кои се особено погодни да бидат решени по пат на медијација меѓу кои: имотноправни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување. На овој начин медијабилноста се ограничува во два наврати: доколку не станува збор за спорен однос во кој странките може слободно да располагаат со своите барања и доколку со закон не е пропишна исклучива надлежност на суд или друг орган.

За разлика од претходниот закон, новиот Закон за медијација не се задржува на субјективната медијабилност. Меѓутоа, при дефинирањето на еден од случаите на меѓународната медијација, како, медијација со странски елемент „ако страните во време на постигнување на согласност за медијација имаат престојувалиште или седиште во друга држава“, поаѓајќи од фактот што физичките лица имаат престојувалиште, а правните лица седиште, сметаме дека во медијацијата како страни можат да се јават сите физички и правни лица, без ограничување.

Организациски, новиот Закон за медијација пропишува дека медијацијата ја спороведува еден или повеќе медијатори и дека страните спогодбено ги избираат лицата кои ќе бидат медијатори од Именикот на медијатори. Во случај страните да не можат да се спогодат за бројот или за лицата кои ќе бидат определени за медијатори, може да побараат Комората на медијатори да препорача или да го определи бројот на медијатори или да определи медијатор за дадениот спорен однос.

Од наведеното, произлегува дека во Република Македонија медијабилни се споровите од индустриска сопственост во однос на оние спорни односи во кои странките може слободно да располагаат со своите барања и доколку не е пропишана исклучива надлежност на суд или друг орган за нивно решавање. Согласно Законот за индустриска сопственост[25], исклучивите, материјалните права на носителите на правата од индустриска сопственост се права со кои странките може слободно да располагаат. Исклучивото право на носителот на патентот,

[23] Закон за медијација (Службен весник на РМ бр.60/2006, 22/2007 и 119/2009).
[24] Чл.1, ст.1 од Законот за медијација (Службен весник на РМ бр.188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).
[25] Закон за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр.21/2009, 24/2011; 12/2014; 41/2014 и 152/2015).

индустрискиот дизајн и трговската марка го опфаќа правото на користење, на располагање, правото на надоместок и правото да забрани на трети лица неовластено користење во случаите и на начин што се предвидени, со меѓународни договори и конвенции, со ЗИС, со друг закон и со договор. [26]

Согласно одредбата од чл. 58 од Законот за меѓународно приватно право[27] утврдена е исклучива надлежност на судот на Република Македонија за споровите во врска со пријавувањето и полноважноста на правата од индустриска сопственост, ако пријавата била поднесена во Република Македонија. На овој начин исклучена е медијацијата во споровите во врска со пријавувањето и полноважноста на правата на индустриска сопственост. Согласно позитивното право на Република Македонија овие спорови не се објективно медијабилни. Како заклучок на наведеното, страните треба да имаат предвид дека не може да бараат споровите во врска со пријавувањето и полноважноста на правата од индустриска сопственост да бидат решени по пат на медијација, бидејќи истите не се медијабилни, па со тоа се изложуваат на ризик доколку постигнат спогодба за овие прашања спогодбата да биде ништовна.

Бидејќи согласно Законот за медијација страните во постапката може да постигнат писмена согласност за фактичките прашања, во случај ако не постигнат спогодба заради несогласување за правните прашања, се наметнува прашањето дали може предмет на медијација да бидат само фактички прашања за спорови кои се објективно немедијабилни. Иако, како предуслов за медијација се поставува прашањето за објективна медијабилност, сметаме дека предмет на медијација може да бидат фактичките прашања за спорови од индустриска сопственост кои објективно се немедијабилни. Во прилог на тоа е одредбата од ставот 4 од членот 21 од Законот за медијација, според која, фактичките прашања опфатени со писмената согласност ќе се сметаат за неспорни во судска или друга постапка. Во полза на овој став е и целта или самата суштина на медијацијата која е разрешување на спорови помеѓу странките, а кои често може да се однесуваат на фактички прашања. Па така, доколку во постапка за медијација страните постигнат согласност за фактичките прашања кои се врзани со релативни причини поради кои може да се одбие пријава за трговска марка, истата може да послужи како доказ во судската постапка или постапката пред Државниот завод за индустриска сопственост. Бидејќи согласно Законот за медијација фактичките прашања предмет на спогодбата се сметаат за неспорни во судска или друга постапка, сметаме дека спогодбата за фактичките прашања постигната по пат на медијација ќе ја олесне и убрза постапката пред надлежниот орган. Во секој случај, последниот збор за основаноста на барањето ќе го има надлежниот орган.

За фактичката состојба во однос на бројот на решени спорови од индустриска сопственост по пат на медијација говорат податоците добиени од Претседателот на Комората на медијатори во Република Македонија. Согласно добиените податоци од интервјуто со Претседателот на Комората на медијатори во Република Македонија, за бројот на успешно завршени постапки за медијација во Република Македонија за периодот од 2010 година до 2015 година ниту еден од решените спорови по пат на медијација не се однесува на спор од областа на индустриската сопственост. [28]

**Заклучок:**

Медијабилноста на споровите од индустриска сопственост не отстапува од прифатените правила во современите правни системи. По неполни две години од примената на новиот закон не може да се каже дека медијацијата е прифатена пошироко како што се очекуваше дека ќе биде случај со преземените мерки, како во однос на сите медијабилни спорови, така и во однос на споровите од

[26] Ст.1 чл.19 од ЗИС.
Носителите на колективната трговска марка и овластените корисници на ознака на потеклото и географска ознака ги уживаат правата од ставот (1) на овој член освен правото на располагање. -ст.2 чл.19 од ЗИС.
[27] Закон за меѓународно приватно право (Службен весник на РМ бр.87/2007 и 156/2010).
[28] Интервју со Претседателот на Комората на медијатори во Република Македонија Зоран Петковиќ Бакли, февруари 2016 година.

индустриска сопственост. Недостатоците во функционирањето на медијацијата во Република Македонија може да се лоцираат во повеќе причини како што се: лошото обезбедување на информации за медијацијата до граѓаните, неизвесноста за тоа кои се лиценцирани медијатори извесен период, проблеми во функционирање на Комората на медијатори, недоволна информираност на граѓаните, судиите, слаботo познавање на медијацијата и нејзините предности од страна на менаџерите на компаниите, опструкциите од страна на адвокатите поради постоење конфликт на интереси[29] итн. За таа цел потребно е организирање на обуки на судиите за упатување на медијација, вградување на медијацијата во програмите за иницијална и континуирана обука на судиите и јавните обвинители, пилот-проекти за бесплатна медијација, запознавање на адвокатите со предностите на медијацијата кои би ги почувствувале и тие во своето работење итн. За да резултираат овие напори со зголемен број упатени и решени предмети со медијација, клучно е воспоставување доверба и конструктивна соработка на медијаторите и сите засегнати и вклучени лица во постапките од индустриска сопственост. Информациите кои ќе им бидат достапни на целните групи (носителите на правата на индустриска сопственост, деловните субјекти и други лица кои може да се јават како странки во споровите од индустриска сопственост) треба да бидат насочени кон нивните интереси и нивните потреби. Така, треба да се потенцира дека поподобни за медијација се споровите што настанале од траен однос или кога странките имале долгогодишна соработка, кога постои особен интерес за брзо и ефикасно решавање на спорот, кога станува збор за сложени правни и фактички ситуации за кои инаку би била неопходна долготрајна судска постапка со учество на многу лица во постапката, кога станува збор за односи кои се особено битни да се решат доверливо без да се изнесуваат информации во јавноста, што секако се поклопува со одликите на деловните односи настанати поради соработка во сферата на правата од индустриската сопственост.

Комората на медијатори, но и медијаторите лично, мора поактивно да пристапат кон промоцијта на медијацијата, информирање на граѓаните и бизнис заедницата со предностите на медијацијата и бенефитот од решавањето на спорните прашања по пат на медијација. Добро би било да се воспостави соработка со Државниот завод за индустриска сопственост и организирање на заеднички активности за спецификите на медијацијата во споровите од индустриска сопственост. Неопходно е активирање на web страна на Комората на медијаторите на која ќе бидат презентирани предностите и придобивките од медијацијата, активностите на медијаторите и Комората, законските и подзаконските акти, како и Регистерот на медијатори, како презентирањето на медијацијата би добил посериозен призвук, во време кога интернетот е дел од секојдневието на обичните граѓани и деловниот свет, а уште повеќе кога сè поголем замав добива и on-line решавањето на спорови.

Исто така со цел зголемување на довербата во медијацијата и медијаторите потребно е зголемување на знаењата на медијаторите за заштита на правата од индустриска сопственост, вклучување на оваа област во теоретскиот дел за полагање на испитот за медијатори и во континуираните обуки на медијаторите, но и размислување за воведување на специјализирани медијатори од оваа област. Медијацијата им овозможува на страните во споровите од индустриска сопственост да го завршат спорот со договарање на решение кое е од заеднички интерес, за пократко време, на многу поефикасен начин, за помалку трошоци, а на крајот по решавањето на спорот и склучувањето на спогодбата, да не се чувствуваат како завојувани страни и/или губитници во постапката, туку да се овозможи нивната понатамошна деловна соработка.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

[29] Како причини за негативниот став на адвокатите спрема медијацијата се наведуваат: непознавањето или недоволното познавање на медијацијата како АДР метод, стравот за намалување на хонорарот на адвокатите поради зголемен број на предмети кои ќе се решаваат по пат на медијација. Повеќе видете ŠIMAC, ODVJETNICI I MIRENJE стр.13-16.

[1] Castro I., Chalkias P. (2012)‘Mediation and Arbitration of Intellectual Property and Technology Disputes: The Operation of the World Intellectual Property Organization Arbitration and Mediation Center, Singapore Academy of Law Journal, Vol. 24, Special ed.,1059-1081.
[2] Cheyil H. Agries, Stephen P.Gilbert, Charles E.Miller, Sherman Kahn. The Benefits of Arbitration and Mediation for Dispute Resolution in Intellectual Property Law, New York Dispute Resolution Lawyer, 2011 vol.4.No.2.
[3] Commercial mediation – a comparative review 2013, Linklaters LLP., 2013.
[4] Karamarković L, (2004). Poravnanje I medijacija, Fakultet za poslovno pravo, Beograd.
[5] MIRIMANOFF J.A, (2007) Amicable Dispute Resolution or Litigation: New Priority or New Approach? What Future for Mediation in Switzerland?, Mediation in Europe, Present challenges and future developments, International Conference Vilnius Lithuania.
[6] SRĐAN ŠIMAC, ODVJETNICI I MIRENJE достапно на http://www.centar-za-mir.hr/uploads/Medijacija/Simac_Odvjetnici_i_mirenje.pdf
[7] UK Intellectual Property Office, Mediation of Intellectual Property Disputes, 2007.
[8] Uzelac, Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, достапно на http://www.mirenje.hr/index.php/miroteka/strucni-i-znanstveni-clanci-/200-mirenje-kao-alternativa-suenju-profdrsc-alan-uzelac.html
[9] Зороска – Камиловска, Т. Медијацијата како алтернатива на судењето – нека спорот стане договор, Правен факултет „Јустинијан Први“- Скопје.
[10] Интервју со Претседателот на Комората на медијатори во Република Македонија Зоран Петковиќ Бакли, февруари 2016 година.
[11] https://e-justice.europa.eu/content_mediation_in_member_states-64-en.do
[12] https://www.gov.uk/guidance/ intellectual-property-mediation#the-ipo-mediation-service
[13] DIRECTIVE 2008/52/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 21 May 2008 on certain aspects of mediation in civil and commercial matters
[14] Hungarian Act LV of 2002 on Mediation.
[15] UNCITRAL Model Law on International Commercial Conciliation, 2002.
[16] Zakon o mediaciji v civilnih in gospodarskih zadevah (Uradni list RS, št. 56/08).
[17] Zakon o mirenju, Narodne Novine 18/11.
[18] Zakon o posredovanju u rešavanju sporova, Sl. Glasnik RS br.55/2014.
[19] Закон за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр.21/2009, 24/2011; 12/2014; 41/2014 и 152/2015).
[20] Закон за меѓународно приватно право (Службен весник на РМ бр.87/2007 и 156/2010).
[21] Закон за медиацията (Държавен вестник. бр.110/2004, бр.86/2006, бр.9/2011, бр.27/2011.)
[22] Закон за медијација (Службен весник на РМ бр.60/2006, 22/2007 и 119/2009).
[23] Законот за медијација (Службен весник на РМ бр.188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).
[24] Препорака Rec (2002)10 од Комитетот на министри на државите членки за медијација во граѓанските спорови од 18.09.2002 година.